РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1434/2

23.07 г./v. 2021

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и член 4 од Упатството за рангирање на предметите за постапување на ДКСК по основ на доставени пријави, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител на 50-тата седница одржана на ден 21.07.2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата бр. 12 - 1434/1 од 05.04.2021 година на подносителот -------- --------, **СЕ ОТФРЛА**.

Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по оформен предмет број 12 - 1434 од 2021 поради постапување на други надлежни органи.

Предметот со број 12 -1434 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12 - 1434 од 2021 година е оформен врз основа на пријава бр. 12 – 1434/1 од 05.04.2021 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) од познат подносител - --------- ----------.

Во доставената пријава се доставува докуменатација и се искажува незадоволство од работењето на повеќе институции во РСМ по однос на проблем на подносителот кој го имал повеќе од 11 години по предмет за утврдување на сопственост на шест приватни лица кои узурпирале јавен пат сопственост на РСМ.

Станува збор за случај кој подносителот го открил во 2001 година и го пријавил во АКН Охрид, а по негово барање од страна на Државното правобранителство ПЕ Охрид, бил доставен и поднесок до АКН Охрид, за да се утврди како лицата се стекнале со споменатиот имот. Во врска со поднесокот било донесено решение во кое било констатирно дека без правен основ било узурпиран јавниот пат по грешка на катастарот сторена со премерот 1970/73 година, а решението не станало правосилно и во 2009 година било вратено на правобранителството за решавање на претходното прашање.

Од страна на подносителот за овој случај биле поднесени повеќе барања, жалби и кривична пријава до повеќе институции и тоа до Државното правобранителство,

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Основното јавно обвинителство Охрид и Вишото јавно обвинителство во Битола, кои постапиле по доставените барања и во рамките на своите надлежноситi донеле соодветни одлуки и решенија, но тој не е задоволен од нивното постапување и доставените одговори и се сомнева дека предметот намерно не се процесуирал како што треба.

По разгледувањето на доставената документација, ДКСК констатира дека во предметниот случај било постапено од други органи кои се надлежни да постапуваат од областа и дека пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, по што оцени дека Државната комисија нема надлежност за постапување во предметниот случај, пријавата да се отфрли поради непостоење ризици од загрозување на јавниот интерес при постапување на службените лица во вршењето на јавните овластувања и службена должност, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : К.Н, Член на ДКСК